Република Македонија
Агенција за цивилно воздухопловство

Агенција за цивилно воздухопловство
ул.Даме Груев бр.1,
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. +389 (02) 3 114 046
Факс:+389 (02) 3 115 708
Сајт: www.caa.gov.mk

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

АГЕНЦИЈА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО

# СООПШТЕНИЕ

до

сите правни субјекти и физички лица сопственици или корисници на цивилни воздухоплови

Почитувани,

Ве информираме дека согласно обврските на работниот аранжман со Европската агенција за цивилно воздухопловство (EASA) кој стапи на сила на 31 август 2009 година и обврските од Анекс I и II од Мултилатералната спогодба за основање на Европската заедничка воздухопловна област (ЕСАА) ("Службен весник на Република Македонија" бр.27/07), Агенцијата за цивилно воздухопловство како компетентна и надлежна воздухопловна власт во Република Македонија, врз основа на член 122 став 6 и 7 и 121 став 5 од Законот за воздухопловство („Службен весник на Република Македонија" бр. 14/06, 24/07 и 103/08), го донесе Правилникот за начинот на одржување и техничка контрола на одржувањето на воздухоплов, мотор, елиса, падобран и опрема на воздухоплов, изработка на техничко-технолошка документација за одржувањето и посебните услови во однос на потребниот персонал, опремата и другите посебни услови неопходни за безбедно и уредно работење, како и формата, содржината, евиденцијата и начинот на издавање, продолжување, обновување и промена на уверението за исполнување на условите за одржување на воздухоплови (Службен весник на Република Македонија бр. 61/09).

Начинот на одржување и техничка контрола на одржувањето на воздухоплов, мотор, елиса, падобран и опрема на воздухоплов, изработка на техничко технолошка документација за одржувањето и посебните услови во однос на потребниот персонал, опремата и другите посебни услови неопходни за безбедно и уредно работење се утврдени во ЕУ Регулативата 2042/2003 Анекс I дел М оддел А и Анекс II дел 145 оддел А која е преземена согласно Анекс I од Мултилатералната спогодба за основање на Европската заедничка воздухопловна област ("Службен весник на Република Македонија" бр.27/07) дадени во Прилог 1 како составен дел на горе наведениот правилник.

Со овој правилник се утврдуваат основните услови за постигнување на високо изедначено ниво на безбедност на цивилното воздухопловство во Европската заедничка воздухопловна област и се утврдуваат заедничките технички услови и административните процедури за осигурување постојана пловидбеност на воздухоплови. Од организациите и персоналот кои се вклучени во одржување се бара да исполнат одредени технички услови, за да ја покажат својата способност и средствата за вршење на своите обврски како и правата поврзани со нив. Правилникот се однесува на сите правни субјекти и физички лица кои имаат намера да оперираат во комерцијалален и некомерцијален воздушен транспорт после 28 септември 2009 година.

За дополнителни информации можете да се обратите во Агенцијата за цивилно воздухопловство, Сектор за безбедност и воздухопловни стандарди, Одделение за пловидбеност и регистар на воздухоплови на адреса: ул.Даме Груев бр.1, 1000 Скопје, или тел. +389(02) 3 114 046 (локал 115).

Со почит,

АГЕНЦИЈА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО